РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08-1991/1
25.07.2016 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 196-б став (5) од Изборниот законик (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16 и 136/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на ден 25.07.2016 година донесе

# К О Д Е К С

## за набљудување на процесот за пријавување на граѓани чии податоци во Избирачкиот список по спроведените административни и теренски проверки се утврдени како спорни, односно за кои има несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список

Кодексот има за цел да ги утврди процедурите за набљудување на јавниот увид за спорните записи односно несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список, а во функција на транспарентноста и стекнување доверба во целиот процес.

### 1. ПРАВИЛА И ПРОЦЕДУРИ ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

Правилата за набљудување претставуваат збир од практични насоки за начинот на спроведување на набљудувањето.

1.1. Набљудувачите определени од четирите најголеми политички партии треба:

- да ги познаваат и почитуваат одредбите на Изборниот законик, Правилникот за методологија за водење и ажурирање на избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверки, Упатството за постапување по поднесени пријави на граѓаните чии записи во Избирачкиот список по спроведените административни и теренски проверки се спорни записи, односно за кои има несовпаѓање на податоците за граѓаните предмет на проверки во Избирачкиот список
- да се непристрасни во извршувањето на своите должности;
- да носат со себе овластување издадено од политичката партија, како и лична исправа;
- своите забелешки треба да ги засноваат на документирани и потврдени факти.

1.2. Набљудувачите определени од четирите најголеми политички партии НЕ СМЕАТ:

- да влијаат на било кој начин врз процесот, вработениот во подрачните единици на ДИК, граѓаните кои се пријавуваат и набљудувачите од другите политички партии;
- да носат партиски симболи или ознаки;
- да даваат упатства на вработените во подрачните единици на ДИК, набљудувачите од политичките партии и/или граѓаните;
- да влијаат на работата и одлуките на вработените во подрачните единици на ДИК, набљудувачите од политичките партии и/или граѓаните;

## 2. УТВРДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА ЗА НАБЉУДУВАЊЕ

2.1. Стекнување својство на набљудувач:

- Право да го набљудуваат процесот на пријавување на граѓаните за време на јавниот увид во ДИК, подрачните единици на ДИК и во седиштата на единиците на локалната самоуправа каде ќе се спроведува пријавувањето имаат четирите најголеми политички партии.
- Државната изборна комисија до четирите најголеми политички партии доставува список на подрачни единици на ДИК и седишта на единиците на локалната самоуправа во кои што ќе се врши пријавувањето на граѓаните.
- Политичките партии до ДИК доставуваат список на набљудувачи определени за набљудување на процесот во подрачните единици на ДИК и седишта на единиците на локалната самоуправа во кои што ќе се врши пријавувањето на граѓаните.

2.2. Овластување за набљудување:

- Политичката партија им издава овластување на набљудувачите за набљудување на процесот во ДИК, определена подрачна единица на ДИК или седиште на единиците на локалната самоуправа во кои што ќе се врши пријавувањето на граѓаните.
- Исто лице може да биде овластено за набљудување само во едно подрачно одделение или канцеларија на ДИК или во седиште на единиците на локалната самоуправа каде ќе се спроведува пријавувањето.
- Лицата кои се стекнале со својство на набљудувачи можат да вршат набљудување откако ќе го добијат овластувањето од политичките партии.
- Државната изборна комисија има право да им го одземе овластувањето на лицата од став 1 на оваа точка, ако се однесуваат спротивно на правилата од овој Кодекс.

## 3. ПРАВО НА ПРИСТАП И ЛЕГИТИМИРАЊЕ:

- Овластените набљудувачи имаат право на пристап само во просториите на Подрачните единици на Државната изборна комисија и во седиштата на единиците на локалната самоуправа каде ќе се спроведува пријавувањето.
- Од иста политичка партија, која го следи процесот, на исто Подрачно одделение или

канцеларија на Државната изборна комисија и во седиштата на единиците на локалната самоуправа каде ќе се спроведува пријавувањето, може да има повеќе овластени набљудувачи, но само еден може во исто време да го набљудува процесот.

- Овластените набљудувачи не смеат да го имаат и/или поседуваат копија од пополнет образец за пријавување и личниот документ на граѓанинот кој се пријавува.
- При посетата на седиштата на Подрачните одделенија и Канцеларии на Државната изборна комисија, и во седиштата на единиците на локалната самоуправа каде ќе се спроведува пријавувањето, набљудувачите ги покажуваат: овластувањето за набљудување издадено од политичката партија и исправа за лична идентификација.
- За непочитување на постапката, набљудувачите од политичките партии имаат право да доставаат писмена забелешка до ДИК во рок од 24 часа.

4. Овој Кодекс влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на интернет страницата на Државната изборна комисија www.sec.mk

**ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Александар Чичаковски**